Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**
Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**
06 NOV 2024 12-5706/4

Врз основа на член 30 став (1) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), по доставен предлог од Бирото за развој на образованието, министерката за образование и наука донесе,

## РЕШЕНИЕ
### за изменување и дополнување на Концепцијата за основно образование Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година

1. Со ова Решение се донесува изменувањето и дополнувањето на Концепцијата за основно образование Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година .
2. Составен дел на ова Решение е изменувањето и дополнувањето на Концепцијата за основно образование Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година .
3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе отпочне да се применува од учебната 2025/2026 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 30 став (1) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), по доставен предлог од Бирото за развој на образованието, бр. 08-14/103 од 29.10.2024 година, министерката за образование и наука ги донесе изменувањето и дополнувањето на Концепцијата за основно образование Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Министерка за образование и наука,
Проф.д-р Весна Јаневска

Доставено до:
- Биро за развој на образованието;
- Сектор за основно образование во МОН
- архива.

Изработил: Б.Митковски
Согласен:М.Масникоса

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 8.11.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org | Број Numri | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 08 | 14/104 | - | |



Архивски знак/Shenja e arkivit:
Рок на чување/Afati i ruajtjes:
20 год./viti
Потпис/Nënshkrim

**Измени и дополнувања**
**на Концепцијата за основно образование (бр. 08-3980/1 од 3.3.2021 година)**

1. Во поглавјето Национални стандарди, делот:

„Од една страна, Националните стандарди ја наметнуваат потребата од обединување на сродните наставни дисциплини во еден основен наставен предмет (како што се *Природни науки* и *Историја и општество*), а од друга страна, бараат сите компетенции кои се содржат во одделни подрачја (како што се *Дигитална писменост* и *Финансиска писменост и претприемништво*) да се стекнуваат преку нивно вклучување во повеќето задолжителни и некои изборни наставни предмети.“

се менува и гласи:

„Од една страна, Националните стандарди ја наметнуваат потребата од обединување на сродните наставни дисциплини во еден основен наставен предмет (како што се *Природни науки од* I-VI одделение и *Историја и општество* од IV-VI одделение), а од друга страна, бараат сите компетенции кои се содржат во одделни подрачја (како што се *Дигитална писменост* и *Финансиска писменост и претприемништво*) да се стекнуваат преку нивно вклучување во повеќето задолжителни и некои изборни наставни предмети.“

2. Во поглавјето Наставен план, Задолжителни изборни предмети, делот:

„Во наставниот план се застапени 8-11 задолжителни предмети.
Предметот *Македонски/Албански/Турски/Српски/Босански јазик* е дефиниран со јазикот на кој се реализира наставата (и за повеќето ученици овозможува совладување на мајчиниот јазик) и произлегува од подрачјето *Јазична писменост* од Националните стандарди за основното образование. Од подрачјето *Користење други јазици* произлегува предметот *Англиски јазик*. Предметот *Природни науки* опфаќа теми/содржини кои припаѓаат на биологијата, хемијата, физиката и делови од географијата и заедно со предметот *Математика* директно произлегува од подрачјето *Математика и природни науки* од Националните стандарди. Овие три предмети се застапени во сите одделенија, со различен фонд на часови.
Предметот *Историја и општество* опфаќа теми/содржини што припаѓаат на историјата, на делови од географијата, на граѓанското образование и на други општествено-хуманистички дисиплини и заедно со предметот *Општество* директно произлегува од подрачјето *Општество и демократска култура* од Националните стандарди. И ова подрачјае се изучува во континуитет, прво преку предметот *Општество* (I-III одд.), а од IV одд. Преку предметот *Историја и општество.*“

се менува и гласи:

„Во наставниот план се застапени 9-15 задолжителни предмети.
Предметот *Македонски/Албански/Турски/Српски/Босански јазик* е дефиниран со јазикот на кој се реализира наставата (и за повеќето ученици овозможува совладување на мајчиниот јазик) и произлегува од подрачјето *Јазична писменост* од Националните стандарди за основното образование. Од подрачјето *Користење други јазици* произлегува предметот *Англиски јазик*.
Од подрачјето *Математика и природни науки* од Националните стандарди произлегуваат наставните предмети: *Математика* (I-IX одделение), *Природни науки* (I-VI одделение) кој опфаќа теми/содржини кои припаѓаат на биологијата, хемијата, физиката и делови од географијата, како и одделните наставни предмети *Биологија, Хемија* и *Физика* (VII-IX одделение).
Предметот *Историја и општество* (IV-VI одделение) опфаќа теми/содржини што припаѓаат на историјата, на делови од географијата, на граѓанското образование и на други општествено-хуманистички дисциплини и заедно со предметот *Општество* (I-III одделение) директно произлегува од подрачјето *Општество и демократска култура* од Националните стандарди. И ова подрачје се изучува во континуитет, прво преку предметот *Општество* од I до III одделение, потоа од IV до VI одделение преку предметот *Историја и општество,* а од VII до IX одделение преку одделните предмети *Историја, Географија* и *Граѓанско образование.*“

3. Во поглавјето Наставни програми, Фокус на резултатите од учење, делот:

„Наставните програми што обединуваат повеќе научни дисциплини (*Природни науки*, *Историја и општество, Техничко образование и информатика*) се модуларни, односно во рамки на наставната програма секоја научна дисциплина претставува засебен дел (модул) со јасно утврдени резултати од учење, стандарди за оценување и временска рамка (број на часови) за реализација. Исто така, наставните програми за овие предмети може да имаат и заеднички модул, во кој дисциплините се обединети околу заеднички резултати од учење. Ваквите програми ги претставуваат и ги поврзуваат различните концептуални структури и методи на истражувања во еден наставен предмет со цел знаењата и вештините да се интегрираат во кохерентна целина. За успешно планирање и реализација на наставата по овие наставни програми, неопходна е соработка меѓу наставниците од различни дисциплини.“

се менува и гласи:

„Во рамки на наставните програми што обединуваат повеќе научни дисциплини (*Природни науки* I-VI одделение, *Историја и општество* IV-VI одделение, *Техничко образование и информатика* IV-IX одделение), секоја научна дисциплина е застапена со соодветни теми и број на часови, односно претставува засебен дел (модул) со јасно утврдени резултати од учење, стандарди за оценување и временска рамка (број на часови) за реализација. Ваквите програми ги претставуваат и ги поврзуваат различните концептуални структури и

методи на истражувања во еден наставен предмет со цел знаењата и вештините да се интегрираат во кохерентна целина. За успешно планирање и реализација на наставата по овие наставни програми, неопходна е соработка меѓу наставниците од различни дисциплини.“

4. Во поглавјето Наставни програми, Интеграција на дисциплини и содржини, делот:

„Наставните програми на предметите кои вклучуваат повеќе научни дисциплини, какви што се оние за *Природни науки* и *Историја и општество*, претставуваат рамка за интегриран пристап и овозможуваат мултидисциплинарно и интердисциплинарно изучување. Секогаш кога е можно, таквиот пристап ги нагласува заедничките поими кои ги презентира од перспектива и во контекст на секоја од дисциплините што придонесуваат за неговото осознавање. На тој начин е овозможено учениците полесно да ги поврзат наставните содржини со реалноста, да ја согледаат смислата на она што го учат и да ги доживуваат наставните активности како релевантни и применливи.“

се менува и гласи:

„Наставните програми на предметите кои вклучуваат повеќе научни дисциплини, какви што се оние за *Природни науки* (I-VI одделение), *Историја и општество* (IV-VI одделение) и *Техничко образование и информатика* (IV-IX одделение), претставуваат рамка за интегриран пристап и овозможуваат мултидисциплинарно и интердисциплинарно изучување. Секогаш кога е можно, таквиот пристап ги нагласува заедничките поими кои ги презентира од перспектива и во контекст на секоја од дисциплините што придонесуваат за неговото осознавање. На тој начин е овозможено учениците полесно да ги поврзат наставните содржини со реалноста, да ја согледаат смислата на она што го учат и да ги доживуваат наставните активности како релевантни и применливи.“

5. Во поглавјето Поучување и учење, Планирање на наставата, делот:

„Планирањето за наставните предмети кои обединуваат повеќе дисциплини (како што се *Природни науки* и *Историја и општество*) содржи две компоненти: планирање за заедничкиот интегриран дел и планирање по одделните модули. Така, на пример, за наставниот предмет *Природни науки* се планираат темите/модуларните единици од областа на биологијата, хемијата, физиката и географијата кои се структурирани по одделни модули (м*одул биологија, модул хемија, модул физика и модул географија*), но, исто така, се планира и таканаречен *интегриран модул,* кој се однесува на теми/модуларни единици од областа на биологијата, хемијата, физиката и/или географијата кои се меѓусебно тесно поврзани и разработуваат слична проблематика. Ваквото планирање бара постојана

соработка и тимска работа на наставниците од одделните дисциплини кои ја споделуваат одговорноста околу реализирање на наставата од предметот.“

се брише.

6. Во поглавјето Поучување и учење, Иновативни приоди во наставата, делот:

„Работата преку проектни активности овозможува наставните содржини да им се приближат на потребите и на интересите на учениците. На пример, кога во *Природни науки* се учи за класификацијата на животни, различни групи ученици може да се ангажираат во проучување и прикажување (преку модели, видеопрезентации и сл.) на природните живеалишта на одделни животни кои се претставници на различните класи животни. Се препорачува учењето базирано на проекти да се користи и за поврзување на дисциплини што не се сродни, како, на пример, *Физичко и здравствено образование* со *Математика* (кога, на пример, се бара да се развијат и да се приберат мерки на физичка издржливост и да се претставаат табеларно и графички), *Природни науки* (модулот по биологија) со *Музичка уметност* (кога, на пример, се истражува како музиката влијае на работата на мозокот) или предметот што го дефинира наставниот јазик со *Историја и општество* (кога, на пример, треба да се одговори на прашањето каква е улогата на јазикот кој се користи во социјалните медиуми врз комуникацијата меѓу младите).“

се менува и гласи:

„Работата преку проектни активности овозможува наставните содржини да им се приближат на потребите и на интересите на учениците. На пример, кога во *Природни науки* се учи за класификацијата на животни, различни групи ученици може да се ангажираат во проучување и прикажување (преку модели, видеопрезентации и сл.) на природните живеалишта на одделни животни кои се претставници на различните класи животни. Се препорачува учењето базирано на проекти да се користи и за поврзување на дисциплини што не се сродни, како, на пример, *Физичко и здравствено образование* со *Математика* (кога, на пример, се бара да се развијат и да се приберат мерки на физичка издржливост и да се претставаат табеларно и графички), *Биологија* со *Музичка уметност* (кога, на пример, се истражува како музиката влијае на работата на мозокот) или предметот што го дефинира наставниот јазик со *Историја и општество* (кога, на пример, треба да се одговори на прашањето каква е улогата на јазикот кој се користи во социјалните медиуми врз комуникацијата меѓу младите).“

7. Во делот Наставни средства, Учебници и наставни материјали, делот:

„Сите задолжителни наставни предмети и сите изборни предмети од областа на јазиците се покриени со квалитетни учебници и/или наставни материјали кои се целосно усогласени со наставната програма и со потребите и интересите на учениците. За наставните предмети *Македонски/Албански/Турски/Српски/Босански јазик, Математика, Природни науки, Општество, Историја и општество, Англиски јазик* и сите други предмети од областа на јазиците (*Македонски јазик за заедниците, втор странски јазик, Јазик на заедницата и Јазик и култура на Ромите/Власите/Бошњаците/Србите/Турците*) се подготвуваат учебници, кои задолжително се во печатена форма за учениците од I до III одд., а за учениците од IV до IX одд. може да бидат во електронска или печатена форма.“

се менува и гласи:

„Сите задолжителни наставни предмети и сите изборни предмети од областа на јазиците се покриени со квалитетни учебници и/или наставни материјали кои се целосно усогласени со наставната програма и со потребите и интересите на учениците. За наставните предмети *Македонски/Албански/Турски/Српски/Босански јазик, Математика, Природни науки, Општество, Историја и општество, Биологија, Хемија, Физика, Историја, Географија, Граѓанско образование, Англиски јазик* и сите други предмети од областа на јазиците (*Македонски јазик за учениците од другите заедници, втор странски јазик, Јазик на заедницата* и *Јазик и култура на Ромите/Власите/Бошњаците/Србите/Турците*) се подготвуваат учебници, кои задолжително се во печатена форма за учениците од I до III одд., а за учениците од IV до IX одд. може да бидат во електронска или печатена форма.“

8. Во делот Оценување, Формативно и сумативно оценување, делот:

„Посебен предизвик е сумативното оценување во наставните предмети во кои се интегрирани повеќе дисциплини (како, на пример, *Природни науки* и *Историја и општество*). Кога заеднички ги реализираат повеќе наставници, освен што заедно ја планираат наставата, се договараат и околу начинот на сумативните проверки (тестови, есејски задачи, усни презентации) и задолжително вклучуваат проблемски задачи што бараат поврзување на знаењата од различните модули. Секој наставник дава сумативна оценка за нивото на постигнатост на стандардите за оценување што произлегуваат од неговиот/нејзиниот модул. Завршните сумативни оценки за секој модул се запишуваат во додатокот на сведителството, додека во сведителството, за предметот се запишува една заедничка оценка што ја изведуваат наставниците што ја реализираат наставата од предметот.“

се менува и гласи:

„Посебен предизвик е сумативното оценување од страна на предметните наставници во наставните предмети во кои се интегрирани повеќе дисциплини, како, на пример, *Историја и општество* (VI одд.) и *Техничко образование и информатика* (VI-IX одд.). Наставата по предметот *Историја и општество* во VI одделение ја реализираат двајца или тројца предметни наставници така што секој наставник дава сумативна оценка за нивото на постигнатост на стандардите за оценување што произлегуваат по секоја одделна дисциплина (модул) и изведува посебна оценка за дисциплината што ја реализира. На крајот на учебната година во свидетелството се запишуваат одделни сумативни оценки од *Историја*, *Географија* и *Граѓанско образование*. Исто така, при оценување на постигањата на учениците по предметот *Техничко образование и информатика* (VI-IX одд.) во свидетелството се внесуваат две одделни оценки – една за *Техничко образование*, а друга за *Информатика.*“

# НАСТАВЕН ПЛАН ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| | ОДДЕЛЕНИЕ | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
| | Н[i] | Г | Н | Г | Н | Г | Н | Г | Н | Г | Н | Г | Н | Г | Н | Г | Н | Г |
| ***Задолжителни предмети*** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Македонски јазик / Албански јазик / Турски јазик / Српски јазик / Босански јазик | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 |
| Македонски јазик за учениците од другите заедници | | | | | | | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| Математика | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 |
| Англиски јазик | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 |
| Природни науки | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 3 | 108 | | | | | | |
| Општество | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | | | | | | | | | | | | |
| Историја и општество | | | | | | | 2 | 72 | 2 | 72 | 3 | 108 | | | | | | |
| - Историја | | | | | | | | | | | | (62) | | | | | | |
| - Географија | | | | | | | | | | | | (36) | | | | | | |
| - Граѓанско образование | | | | | | | | | | | | (10) | | | | | | |
| Биологија | | | | | | | | | | | | | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| Хемија | | | | | | | | | | | | | 1 | 36 | 1 | 36 | 2 | 72 |
| Физика | | | | | | | | | | | | | 1 | 36 | 2 | 72 | 1 | 36 |
| Историја | | | | | | | | | | | | | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| Географија | | | | | | | | | | | | | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| Граѓанско образование | | | | | | | | | | | | | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 |
| Техничко образование и информатика | | | | | | | 1 | 36 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Техничко образование | | | | | | | | | | | | (20) | | (10) | | (10) | | (8) |
| - Информатика | | | | | | | | | | | | (52) | | (62) | | (62) | | (64) |
| Музичко образование | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 |
| Ликовно образование | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 |
| Физичко и здравствено образование | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно часови за задолжителни предмети** | **20** | | **20** | | **20** | | **23 (25)** | | **24 (26)** | | **25 (27)** | | **27 (29)** | | **28 (30)** | | **28 (30)** | |
| ***Изборни предмети*** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Втор странски јазик | | | | | | | | | | | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| Слободни изборни предмети[ii] | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| Јазик на заедницата[iii] | | | | | | | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (72) |
| Албански јазик[iv] | | | | | | | | | | | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (72) |
| Јазик и култура на Ромите, Јазик и култура на Власите, Јазик и култура на Бошњаците, Јазик и култура на Турците, Јазик и култура на Србите[v] | | | | | (1) | (36) | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (72) | (2) | (72) |
| **Вкупно часови (задолжителни и изборни предмети)** | **22** | | **22** | | **22** | | **25 (27)** | | **26 (28)** | | **29 (31)** | | **31 (33)** | | **32 (34)** | | **32 (34)** | |
| **Вкупен број на предмети** | **9** | | **9** | | **9** | | **10 (11)** | | **10 (11)** | | **11 (12)** | | **15 (16)** | | **15 (16)** | | **15 (16)** | |
| ***Други активности*** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Општествено-хуманитарна работа[vi] | | | | | | | | | | | | | | 20 саати | | 20 саати | | 20 саати |
| Час на одделенска заедница[vii] | | | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 |
| Воннаставни активности | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

[i] Со Н е означен неделен фонд часови, а со Г, годишен фонд часови.

[ii] Ученикот избира два слободни изборни предмети во текот на една учебна година, еден во прво полугодие, друг во второ полугодие од листа на слободни изборни предмети утврдена во училиштето. Од I до III одд. слободните изборни предмети се реализираат како слободни активности.

[iii] Со предметот се нуди учење на вториот службен јазик во општината каде што е лоцирано училиштето. Учениците што учат на друг наставен јазик, може да го изберат како дополнителен предмет.

[iv] Предметот Албански јазик може да се учи како дополнителен изборен предмет.

[v] На учениците од влашката, ромската, бошњачката, српската и турската зедница училиштето им овозможува да го изучуваат својот јазик и култура како изборен предмет, со добиена согласност од родителите. Учениците кои ќе изберат еден од овие предмети го изучуваат континуирано, како дополнителен предмет.

[vi] Ученикот реализира 20 саати општествено-хуманитарна работа во текот на учебната година. Доколку не ги оствари потребните часови преку учество во групни активности (како акциите во рамки на воннаставните активности), тоа може да го стори преку самостојни активности.

[vii] Терминот за одржување на часот на одделенска заедница може да варира од една паралелка до друга, а неговото траење може да варира од еден до друг термин, зависно од потребите на паралелката.